До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година , го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

Во член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:
„(4) „Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.“

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од истиот закон и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно наводите во барањето, лицето ја врши функцијата член на Училишниот одбор на ОУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје, од друга страна лицето кое е именувано за вршење на функцијата ВД директор на истото училиште е втора братучетка на сопругот на членот на Училишниот одбор.

Со член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наведеното лице **не спаѓа во кругот на блиски лица** утврден со Законот.

Имајќи го предвид наведеното, во врска со првото прашање, Државната комисија е на мислење дека во конкретниот случај не постои законска пречка лицето да

продолжи да ја врши функцијата член на Училишниот одбор на ОУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје, односно не постои состојба на судир на интереси.

Во однос на второто прашање, Државната комисија смета дека, доколку лицето се најде во ситуација да одлучува за избор на директор на ОУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје каде како кандидат би се јавило лицето за кое се поднесува Барање за мислење и покрај тоа што не се работи за блиско лице, потребно е да се постапи согласно член 74 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 74 став 1 и 2 од истиот закон:
„(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.
(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.“

Државната комисија смета дека поради транспарентност и почитување на обврската за непристрастност која ја има секое службено лице при вршење на своите јавни овластувања, треба да го извести Училишниот одбор за нивната семејна врска со лицето кое би требало да биде избрано за директор на училиштето и доброволно да се изземе од гласање во таа ситуација.

Понатаму, потребно е секое службено лице да ги има во предвид и следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:
Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и**

**должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.**

Претседател,

Адем Чучуљ

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk